Македонија и обидот на раководството на Македонското народноослободително движење да се поканат Македонците од спротивните струи за да земат учество во дефинитивното ослободување на Македонија. Всушност, тоа бил обидот на Ченто и Чучков да ги повикат Чкатров и Станишев да се рехабилитираат, како и други личности.

Распадот на бугарскиот окупациски систем во Македонија и обидот на Бугарија да се повлече од Тројната оска е расветлен во шестата глава од книгата. Освен тоа, тука се разработени и воените злосторства според меѓународното воено право и судењата во врска со тоа извршени во Македонија и Бугарија.

Студијата на д-р Ванче Стојчев „Бугарскиот окупациски систем во Македонија 1941 -1944 година" е од особено значење бидејќи дава изворни и документирани сознанија за следниве настани:

1. Бугаризирањето на Македонија постојано е присутно во идеологијата на инспираторите на големобугарската политика. Секоја кризна состојба на Балканот или во Европа се користи за актуелизирање на македонското прашање, а потоа Бугарија се јавува како негов заштитник.

2. Аргументирано се докажува дека неколку години пред почетокот на II светска војна, бугарската влада во рамките на подготовките за војната го наметнала македонското прашање како проблем, кој треба да го реши со германските воени сили.

3. Врз основа на германска и бугарска документација се докажува дека во текот на II светска војна, Бугарија не била ослободител во Македонија, туку окупатор, кој не само што спроведува терор и злосторства, туку свесно, ги кршел сите норми на меѓународното воено право.

4. Иако во Македонија не била формирана квислиншка политичка творба, сепак квислиншките и колаборационистички сили формирале свои воени сили, кои се ставиле во служба на германскиот и бугарскиот окупатор.

5. Во студијата се докажува дека бугарската влада немала доверба ниту во една македонска политичка структура, дури ни во оние што биле бугарски или пробугарски ориентирани.

Во целина, студијата претставува мошне успешна синтеза на изворност, оригиналност и умереност. Освен за воената историја, студијата е од особено значење за политичките настани од поблиското минато.

Ванчо ЃОРЃИЕВ

Д-р Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата (1941–1944). Институт за национална историја, Архив на Македонија и Матица Македонска, Скопје 1998, 316.

Неодамна, како резултат на повеќегодишни истражувања и работа на полето на историската наука, македонската историографија стана побогата за уште едно издание. Овој пат, тоа, како издавачи го направија Институтот за национална историја, Архивот на Македонија и Матица Македонска со објавувањето на книгата на д-р Глигор Тодоровски под наслов "Западна Македонија за времето на окупацијата (1941–1944)". Оваа книга во својата основа претставува дополнување на претходните две издадени монографии со истоимен наслов (во 1975 и 1982 година), која ја третира проблематиката тесно поврзана со Втората светска војна и во неа е компонирана окупацијата на просторот на Македонија што се наоѓаше под италијанска власт.

Трудот на д-р Глигор Тодоровски, кој изнесува 316 страници, покрај предговорот, тематски е поделен на четири дела, поделени во повеќе глави (13) со бројни разработени поднаслови, кои ја

третираат структурата на окупаторскиот систем. Во неа, како појаснување на основниот текст поместени се и 685 белешки и на крајот неизбежните но мошне значајни регистри на лични имиња и географски поими кои во севкупната содржина на книгата ѝ даваат стандардна форма.

Д-р Г. Тодоровски, како основна задача и цел во трудот си поставил врз основа на архивските истражувања да ја прикаже окупацијата на Западна Македонија во сите нејзини сегменти во тогашната таканаречена Дебарска префектура со нејзините испостави претпрефектурите во Тетово, Гостивар, Кичево и Струга со нивните околии кои со демаркационата линија влегуваа во составот на окупационата зона на Италија.

Во првиот дел посебно се осврнува на дебарско-струшкиот регион за време на окупацијата. Во контекстот на оваа глобална тема, се разработува почетниот стадиум на окупацијата со навлегувањето на германските и италијанските воени единици, формирањето на воените и разузнавачките служби, потоа воспоставувањето на првите органи на власта и воопшто на функционирањето на нејзиниот систем, во прв ред на воената и цивилно административно-судска власт. Посебно внимание во книгата се посветува и на просветната политика што ја спроведуваа властите како значаен фактор во албанизирањето на исламизираните Македонци, на иселувањето на Македонците, на одделни значајни институции, како што беа: сејменлакот, дерудецилакот, но и на воспоставувањето и активизирањето на стариот Отомански закон за десеток познат како спаилак.

Вториот дел, кој наедно е и најобемен, непосредно е поврзан и ги третира настаните во Гостивар и Гостиварско за време на окупацијата од 1941 до 1944 година. И овде, како и во претходниот дел, во повеќе глави и поднаслови се презентираат некои моменти од непосредните подготовки и воениот напад на Кралството Југославија во април 1941 година, како и за поделбата на Македонија меѓу окупаторите извршена непосредно потоа. Но, се чини дека во своето елаборирање, авторот, и со право, многу повеќе простор оставил за презентирање на општата состојба настаната по окупацијата. Во тој однос, основниот акцент го дава на формирањето на националистичките комитети кои одиграа посебна улога во првичните настани, потоа на влегувањето и стационирањето на италијанските војски, како и на преземените мерки на окупаторот и на квислинзите за зацврстување на власта. Особено внимание се посветува и на балистичката организација, на воведувањето на данокот десеток како и на воведувањето на некои институции што ги споменавме и отпорот организиран кон нив.

Во третиот дел, кој е озаглавен како "Капитулација на фашистичка Италија", се разработуваат поодделни теми кои произлегуваат од одразот на капитулацијата врз состојбите во Македонија и Гостиварско како и теми непосредно поврзани со понатамошното засилување на репресивните вооружени формации на тој простор. Во тој контекст се разработуваат некои поднаслови сврзани со подготовката на фашистичка Германија за настаните околу капитулацијата на Италија, потоа капитулацијата на Италија и непосредно со неа реорганизирањето на квислиншката власт, формирањето на контрареволуционерните организации и други вооружени формации, теророт на качаците и балистите како и горењето и пустошењето на мавровските и другите мијачки села.

Во последниот четврти дел пак, на 40-тина страници, авторот посветува внимание исклучиво на воведувањето на данокот десеток (спахилак) во Кичевско и Тетовско како и улогата на илегалниот печат во организирањето на отпор спрема неговото воведување.

И на крајот, и како заокружување, да го кажеме и тоа дека најновата книга

на д-р Глигор Тодоровски "Западна Македонија за време на окупацијата (1941–1944)", како што и самиот автор ќе забележи, "претставува нов и оригинален текст и е резултат на новопронајдените документи од италијанска и албанска провиниенција од времето на окупацијата на Западна Македонија" и претставува значаен прилог во научната мисла. Тоа е книга, која според својата содржина во секој случај заслужува внимание и треба да се види и прочита.

Ѓорѓи ЧАКАРЈАНЕВСКИ

## АГРАРНАТА РЕФОРМА И КОЛОНИЗАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА 1944 - 1953 ДОКУМЕНТИ. Редакција, коментар и превод од српски јазик: д-р Виолета Ачкоска. ИНИ, Скопје, 1997, 372.

Зборникот документи "Аграрната реформа и колонизацијата во Македонија 1944-1953", со кој овој пат ни се претставува д-р Виолета Ачкоска, е тема која за неа не е нова. Таа е меѓу првите македонски историчари што се зафати со големата тема - судбината на селото во т.н. период на социјалистичката изградба. Како минуциозен и трпелив истражувач, сериозен набљудувач и луциден толкувач на историските извори, таа го отвори процесот за проучување на причините на "зајдисонцето на селанството и селото". Како што и самата Ачкоска вели, во подолг период целата своја научна љубопитност и енергија ги насочила кон студиозно проучување на проблемот на аграрните реформи и нивниот одраз врз селото во неговата севкупност.

Со објавувањето на зборникот документи "Аграрната реформа и колонизацијата во Македонија 1944-1953" кој во себе ја содржи успешната селекција на автентична документација за едно преломно време, д-р Виолета Ачкоска ја спаси од заборавот, ги освежи сеќавањата на современиците и ги направи достапни до поширокатa општествена јавност најсуштествените документи од реформскиот зафат. Тој е уште еден значаен потег во сликањето на големата фреска наречена македонско селанство. Во тој контекст и самата авторка во воведот предочува дека овој зборник има мисија да ја зачува од заборавот руралната историја на Македонија. Со обзнанување на автантична документација станува јасен парадоксот за деценискиот процес на празнењето на широките македонски синори, на обезнародувањето на селото, на силните тектонски преместувања преку големите социјални потреси што ги донесе Револуцијата. Селото, кое со целото свое битие беше највиталната и најзначајната потпора на народноослободителната и антифашистичка војна и кое даде голем влог во втемелување на македонската држава, се најде на бришан простор. Се има впечаток дека документацијата што ни ја приопштува д-р Виолета Ачкоска е можен компетентен одговор на полувековното прашање: што се случи со македонското село?

Приредувачот вложил огромен труд и умеење од мноштвото документи да создаде репрезентативна документарна целина која автентично сведочи за чинот на аграрната реформа, колонизацијата, колективизацијата, за да ги изведе трагичните миграциони движења, најпрво кон градот, потем кон некои европски и прекуокеански земји.

На 372 страници се сместени 123 документи. Тие говорат за начинот и методите во спроведувањето на аграрната